Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## ПОСЕТА

На 16.12.2009 година во организација на Министерството за образование и наука на Република Македонија, посета на Машинскиот Факултет оствари делегација на Министерството за наука на Република Словенија. Посетата беше искористена за разгледување на минатите и тековните проекти за соработка помеѓу овие две земји, како и можноста за соработка преку научни и развојни проекти во 2010 година. Во рамките на посетата, дел од наставниот кадар на Машинскиот Факултет (вон. проф. д-р Валентина Гечевска, вон. проф. д-р Јасмина Чаловска, доц. д-р Зоран Марков, доц. д-р Ѓорѓи Аџиев) пред присутните ги презентираа активностите во рамките на проектите со Република Словенија.

## ЕКСКУРЗИЈА

Институтот за Механика во изминатиов период организираше студентски екскурзии при кои ги посетија: фабриката за производство на механизми за тапациран мебел Резонатор во Прилеп, Микросам - Прилеп, РЕК - Битола, Метеорит - Битола и Бpако во Велес.

## ЕКСКУРЗИЈА НА БЕЛ ДЕН

На ден 19.12.2009 Студентскиот парламент на универзитетот Св Кирил и Методиј и Студентскиот парламент на Машинскиот факултет организираа еднодневна ескурзија во Љубљана - Р.Словенија по повод визната либерализација. По топлиот пречек, студентите се упатија кон Машинскиот факултет во Љубљана, каде што се запознаа со работата на факултетот, начинот на предавање и условите за размена на студенти. Свое пригодно обраќање имаа проф.д-р Валентина Гечевска, и претседателите на СПМФС и СПУКМ. За време на престојот беше организирана и посета на Македонската амбасада во Словенија. Студентите беа пречекани од заменик амбасадорот во Љубљана, а потоа студентите се упатија на едночасовна прошетка низ центарот на Љубљана. Истиот тој ден, деканот на Машинскиот факултет и деканот на Машинскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, проф. д-р Атанас Кочов и проф. д-р Јоже Духовник потпишаа договор за соработка помеѓу двата факултети.



## ПОСЕТА

Изминатиов период во посета на Машинскиот факултет беше делегација од George Washington University. Средбата се одвиваше во деканатот на МФС, а потоа беше направена обиколка во сите објекти на МФС. На средбата присуствуваа Др. Harold E. "Bill" Neal, Jr, потпретседател на компанијата CONTUBERNIUM и воедно професор на George Washington University, David Enriquez и Sara Petrova исто од CONTUBERNIUM и Богдан Јовановски. На средбата беа презентирани можностите на CONTUBERNIUM како и можноста за соработка со МФС, а акцент беше ставен и на можноста за соработка помеѓу МФС и George Washington University на ниво на втор циклус на студии.

## КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА

Во периодот од 9 до 11 Декември се оддржа крводарителска акција на која 65 студенти и 3 вработени даруваа крв. Благодарни сме на нивната хуманост.

## ДОКТОРСКИ СТУДИИ

Во изминатиов период, докторската теза на тема: "Функции со променлив спектар - време-фреквенција пристап" успешно ја презентираше и одбрани д-р Роза Ацеска.

**ЧЕСТИТАМЕ !**

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец декември 2009 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Марко Серафимов и проф. д-р Ристо Цицонков на службено патување во Србија заради учество на меѓународна конференција за греење, климатизација и ладење.
2. Проф. д-р Славе Јакимовски и проф. д-р Марјан Гаврилоски на службено патување во Словенија во рамки на активностите поврзани со реализацијата на договор за техничка контрола на опрема за ХЕЦ "Св. Петка".
3. Проф. д-р Делчо Јованоски на службено патување во Бугарија со цел изготвување на предлог - проект за меѓугранична соработка.
4. Асс. д-р Роза Ацеска на службено патување во Виена со цел одбрана на докторска дисертација.
5. Асс. м-р Емил Заев оствари службено патување во Австрија во рамките на подготовките за изработка на докторска дисертација.

Асс. м-р Кристина Јакимовска на службено патување во Србија заради учество на семинар од областа на безбедноста.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**29.12.2009**
**ЕТНО СЕЛО НАГОРИЧАНЕ**
**СВЕЧЕН КОКТЕЛ**
**НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ**

**01.01.2010**
**НЕРАБОТЕН ДЕН**
**1 ЈАНУАРИ, НОВА ГОДИНА**

**06.01.2010**
**НЕРАБОТЕН ДЕН**
**6 ЈАНУАРИ, БАДНИК, ДЕН ПРЕД БОЖИК**

**07.01.2010**
**НЕРАБОТЕН ДЕН**
**7 ЈАНУАРИ, ПРВ ДЕН НА БОЖИК**

**19.01.2010**
**НЕРАБОТЕН ДЕН ЗА ГРАЃАНИТЕ ОД ПРАВОСЛАВНА ВЕРОИСПОВЕСТ**
**БОГОЈАВЛЕНИЕ, ВОДИЦИ**

**21.01.2010**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**28.01.2010**
**16 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.
Иван Поп Тонев, дипл. ел. инж

**Година 2009, декември, број 86**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*
# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## ОСУМ ГОДИНИ ИНФОРМАТОР

...Месецов што помина беше исполнет со активности. Се работи со студентите, редовни проверки на знаењето е во тек, имавме акција за крводарителство...

Ни престојат новогодишните и божиќните празници кои само може да помогнат во освежувањето и обновувањето на силите со кои ќе ги постигнеме зацртаните цели и задачи.

***Среќни празници !***

